UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6 VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

## С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ........................................................ **3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
................................................................................................................................ **13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ....................................................................................................... **35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ................................................................................................................ **47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ................................................................................................................ **57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ................................................................................ **63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* .................. **71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*................................................. **87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ................................................................ **93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* ....................................... **101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ......................................... **119**

**ДОНЕВА Наташа** **УДК: 343.91**

# БОИТЕ НА КРИМИНАЛОТ

**Апстракт:** Криминалот вкоренет во секое општество, сенка која фрла темна дамка на секој историски запис, придружник на секоја власт, составен дел на организираните групи... Криминалот е како непресушен извор, колку и да се обработува оваа проблематика, сепак никако да завршат напливот на нови информации поврзани со modus operandi, со новите техники и методи на работа, никако да се затвори мрежата инфилтрирана во мистеријата наречена криминалитет, која за да пркоси само дополнително се разгранува, инволвирајќи сè поголем број континенти, држави, градови... Криминалот како инспирација за многубројните филмови со крвавата тематика, како муза на милионските тиражи за книги со темна содржина. Криминалот манифестира толку многу работи, сè, само не очигледен мотив за да се стави крај на сценаријата кои истиот ги предизвикува. Или можеби широк спектар од различни профили имаат бенефит од рапидниот раст на криминалот? Можеби не само поединци туку огромни коорпорации се или марионети, или пиони во глобалните политики, или истите се дел од нејзините креатори? Толку многу прашања предизвикува оваа проблематика, а толку малку одговори се достојни да се исправат пред предизвикот наречен спречување на корупција и анулирање на штетените последици предизвикани од истата.

Интенцијата на овој труд е да ги опфати новите т.е. поновите облици и форми на криминал или поинаку речено старите криминални активности облечени во ново руво, со здобиена нова етикета и нов назив. Имено во рамките на неконвенционалниот криминал, меѓу другото постојат облици на криминал класифицирани како криминал на бели, сини, розеви јаки, црвен криминал и секако (не)експонираниот зелен криминал. Што значат овие бои, зошто токму боја е тоа што се поврзува за некој вид на криминал, која е симболиката, какво е значењето, кои се методите за превенција, дали тие методи се доволни да парираат на енормините штети што ги предизвикуваат овие класи на криминал... Овие и многу други прашања ќе бидат обработени во овој труд сè со цел да се долови структурата на криминалот, неговата еволуција, прекривањето.

**Клучни зборови:** *инкриминации, неконвенционален криминал.*

**DONEVA Natasha** **UDK: 343.91**

# COLOURS OF THE CRIME

**Abstract:** The crime is rooted in every society, a shadow that casts a dark spot on every historical record, a companion to every authority, an integral part of organized groups ... Crime is like a source that will never dry out of water, that means no matter how much these problematic is being observed, still the flood of new modus operandi, new techniques will never end. It is like an inspiration for numerous films with bloody themes, as a muse of millions of circulations for dark books. Crime manifests so many things, everything, not just an obvious motive to end the scenario that causes it. Or maybe a wide range of different profiles benefit from the rapid growth of crime? Perhaps not only individuals but also large co-operatives are either branded, or pioneers in global politics, or are they part of its creators? So many questions

are caused by this issue, and so few answers are worthy of standing with the challenge of preventing corruption and eliminating the harmful consequences caused by it.
The intention of this paper is to cover the newer, more recent forms of crime or otherwise the old criminal activities dressed in new clothes, with a new label acquired, and a new name. Namely, within the framework of unconventional crime, there are, among other things, forms of crime classified as crime of white, blue, pink collar, red crime and of course (un) exposed green crime. What do these colors mean, why exactly the color is that it relates to some kind of crime, what is symbolism, what is the meaning, what are the methods of prevention, whether these methods are enough to match the enormous harm caused by these classes of crime ... These and many other issues will be addressed in this paper in order to capture the structure of crime, its evolution, covering
**Key words:** *incriminations, unconventional crime* .

## Вовед

Криминалот со право можеме да го вброиме во старите занаети бидејќи е присутен отсекогаш, од кога постои човештвото, единствено нешто по што се разликувал во временските епохи била пред сè неговата манифестација во општеството и како истото реагирало, т.е. како го санкционирал криминалот, со кои методи и пристапи. Со текот на времето се создала поделбата помеѓу конвенционален и неконвенционален криминал. Ако во конвенционалниот влегуваат старите познати, проверени кривични дела, тогаш под капата на неконвенционален криминал влегуваат новите форми на криминал, кои дури не можеле да се замислат од пред неколку децении бидејќи би биле вбројани во научната фантастика. Така во XIX или XX век не можело да се зборува за електронски криминал бидејќи не ни постоеле компјутери како погодна алатка за да се изврши криминалното дејствие. Затоа денеска групациите на криминалот, и те како се зголемени, и те како постојат и внатрешни фракции во рамките на истата група. Поради тоа интенцијата на овој труд е да ги опфати новите т.е. поновите облици и форми на криминал или поинаку речено старите криминални активности облечени во ново руво, со здобиена нова етикета и нов назив. Имено во рамките на неконвенционалниот криминал, меѓудругото постојат облици на криминал класифицирани како криминал на бели, сини, розеви јаки, црвен криминал и секако (не)експонираниот зелен криминал. Што значат овие бои, зошто токму боја е тоа што се поврзува за некој вид на криминал, која е симболиката, какво е значењето, кои се методите за превенција, дали тие методи се доволни да парираат на енормините штети што ги предизвикуваат овие класи на криминал.

## 1. Различните бои/лица на криминалот

Постојат различни бои кои карактеризираат одреден вид на криминал[1]. Истите своите корени ги влечат од т.н. collar jobs или обоени работни места. Имено во минатото кога и се појавиле овие термини, работниците во зависност од работното место, позиција (а според тоа и приходи и углед) добивале одредена етикета за работа „обоена“ во боја која означува одредена симболика со таа професијата. Така работниците со **„белите јаки”** се луѓе кои работат високо платена работа, имаат добро котирачка позиција и положба во општеството. Често истите носат бели кошули како дел од работната „униформа”. Истите можеле да си дозволат често да ги исперат и повторно носат чисти, иако секако немале опасност да ги извалкаат. За разлика од нив работниците на **„сините**

[1] http://hammurabitablet.com/index.php/2017/04/19/collar-crimes-and-laws/

**јаки”** се работници со ниски примања, кои работаат најчесто физичка работа и поради дамките кои биле неизбежни при работењето, бирале да носат потемни бои на работни одела, сè со цел помалку да се познаваат дамките здобиени со рабоењето. Овие работници во минатото не можеле да си дозволат често да ги перат работните униформи и морале да носат темни бои. Додека работниците со **„розеви јаки”** се всушност работнички, претежно со многу мали плати. Овој термин пред сè е скроен за да ги означил работите кои биле класифицирани и тагирани како „женски професии”. Меѓутоа со текот на времето се избришала познатата поделба на машки/женски работи или професии, со тоа што денеска тогашните етикетирани женски професии, ги работат и мажи. Работниците со **„зелени јаки”** се всушност поврзани со екологија и заштита на животната средина. Овде би ги вбројале зелените, пејзажните архитекти, органските фармери, правници за заштита на средината, екологисти, инжинери за соларна енергија. Работниците со **„црна јака”** се работници кои најчесто работат тешка физичка работа од која често се извалкани при работењето. Во оваа група влегуваат работниците во рудници или нафтената индустрија. Работниците со **„портокалови јаки“** се всушност затворениците кои овој назив го добиле по портокаловата затвореничка униформа. Работниците тагирани со **„сиви јаки”** се работници кои делумно ги задоволуваат критериумите за бели и сини јаки, што значи имаат елементи и на едните и другите, но не можат да се сместат целосно во ниту една од тие групи. Во оваа категорија свое место имаат: полициските службеници, пожарникарите, медицински сестри, брокери...Честопати под ови јаки се назначуваат работниците вработени кај работници со бели јаки. Во поновата историја влегува и терминот на работници со т.н. **„златни јаки”**. Најчесто се однесува на високо образовани луѓе и кадри, кои воедно се круцијални во општеството. Овде добра позиција имаат правниците (адвокатите), докторите, научниците... Оваа интересна, уникатна класификација според бојата на јаките ја заокружуваме со работници **„со јака без боја”**, што ги етикетира артистите и оние кои работата без надоместок.

Според овие параметри можеме да зборуваме и за соодветните обоени криминални активности. Така за секоја јака на работници стои криминал во иста боја, зад кој се кријат пак различни фактори кои го условиле појавувањето на инкриминираното дејствије. Различните критериуми го диктираат моделот кој се манифестира кај криминалците од различните категории на бои. Насилен, ненасилен криминал, посегнување по убиствен метод или финансиска малверзација се само дел од енормната лепеза на криминалните дејствија на „обоениот криминал”. Секако овие класификации на криминалот според различни бои не е официјална ниту конечна. Што значи постојат автори кои во рамките на една боја интерпретираат и толкуваат различни кривични дела.

## 2. Криминал на „белите јаки” – White collar crime

Името на Едвин Сатерленд[2] е добро познато во светот на криминологијата, како креатор на терминот денес познат како криминал на „белите јаки”. Имено за прв пат споменет во 1939 година во неговото дело, истиот се однесува на криминалот направен од луѓе на висока функција и позиција, луѓе кои криминалот го сториле искористувајќи го својот углед, положба, луѓе кои носат бели кошули и црни костуми како дел од дрес-кодот за работа, па оттука и терминот бели јаки. Карактеристика за овој криминал е дека е финансиски мотивиран, но ненасилен, односно овие луѓе истиот го вршат без употреба

[2] Едвин Хардин Садерленд бил американски социолог. Се смета за еден од најзначајните криминолози на XX век. Неговото дело White collar crime од 1949 е почеток во кој се исковал термнот за криминал на белите јаки.

на насилство, туку пластично кажано преку малверзации со документи, папирологија, картички, сметки, пазари. Овде би ги споменале перењето пари, сајбер криминалот, проневера, поткупување, фалсификување документи, фалсификување пари, измама со кредитни картички, измами во здравството, осигурителни измами, затајување данок, изнудување, рекетирање. Како што може да се забележи енормен е дијапазонот на криминални активности кои можат да се складираат под капата на криминалот на „бели јаки", иако сите навидум се различни активности сепак имаат заеднички карактеристики, како тоа дека многу тешко се детектираат, а и кога ќе се откријат многу тешко можат да се докажат. Исто така најчесто не се применува физичка сила при извршување на овој тип на криминал, затоа и најчесто може да се сретне под псевдонимот на ненасилен криминал. Иако мора да спомeнеме дека и овде постои една фракција, подгрупа на на криминалот на „бели јаки", а тоа е т.н. црвен криминал - red collar crime. Имено станува збор за луѓе кои извршувајќи криминални активности од групата на белите јаки, при опасност некој да го открие нивниот криминал тие посегнуваат со примена на насилство и извршување убиства. Исто така честа тема на обработка е корелацијата на белиот со криминалот на розеви јаки[3].

Криминалот на белите јаки[4] своето прво претставување во јавноста го има благодарение на Едвин Садерленд во неговото излагање во 1939 година. Истиот го експонира како криминал кој е поврзан со висока позиција, луѓе со моќ, углед, пари. Но од тогаш оваа дефенција претрпела големи модификации и проширувања, каде што првобитната етикета се надополнила со финансиски, осигурителни, здравствени, банкарски измами. Но едно нешто не се променило, различните ставови на спротиставените табори за сериозноста на последиците и казнување на сторителите. Така едната група залагањата ги темели на фактот дека криминалот на бели јаки не треба да се казнува толку ригорозно и строго како другите категории на криминал, токму поради аргументите дека белиот криминал е ненасилен и нема такви драконски последици како насилните видови на криминал. Оттука и залагањата на фракции автори дека сторителите на белиот криминал не само што не треба да „бидат жртви" на строгите казни, туку треба да бидат сместени во отворените одделенија на затворските установи, каде би имале поголема слобода и помала репресија во однос на полуотворените или затворените оддели на истите тие затвори. Меѓутоа секоја проблематика е нож со две острици. Другата страна на разгледаната проблематика укажува на фактот дека последиците од белиот криминал се долготрајни и можат целосно финансиски да уништат цела група поединци, или да предизвикаат сериозни финансиски репрекусии врз работењето на корпорациите или банкарскиот сектор. Исто така сторителите на овој тип криминал се образовани луѓе кои се на добри позиции, кои користејќи го своето знаење или положба вршат малверзации и криминални активности. Што алудира на фактот дека се луѓе кај кои доминира алчноста, ладнокрвност за да се искористат „дупките" во правото и да се изврши криминал со една цел-поголема финасиска добивка. Поради тоа оваа друга група се залага за далеку пригорозен „третман" при справување со овој криминал. Односно негово казнување со повисоки казни, непривелигиран (читај-корумпиран) став при приведување и започнување постапка против сторителите на овој бел криминал.

[3] Повеќе: Gender in White-Collar Crime: An Empirical Study of Pink-Collar Criminals, International Letters of Social and Humanistic Sciences, ISSN: 2300-2697, Vol. 4, pp 22-34.
Pink Collar Crime vs. White Collar Crime.
Overview on the Specific Features Related to the Antisocial Behavior of Women, Neagu C-Mariana- University of Bucharest.

При објаснување на криминалот на белите јаки речиси секогаш се прави компарација со криминалот на сини јаки, укажувајќи на фактот дека белиот криминал е криминалот на богатите, луѓе со висок општествен статус, личност со углед и добра функција, додека криминалот на сините јаки е криминалот на сиромашните, на работничката класа. И доколку белите јаки се карактеризираат со ненасилно извршување на криминалот, сините јаки се токму спротивното, криминал извршен и пропратен со насилство.

Профилот на криминалци на белите јаки се луѓето кои имаат добро образование, финансиски се добро обезбедени, имаат високо платени работни позиции и функции, добро реноме во општествените кругови. Тешко се откриваат и докажуваат нивните криминални активности поради тоа што и многу добро ги прекриваат трагите од направеното, но и поради многуте врски и контакти кои ги имаат во полицискиот или системот на правда.

### 2.1 **Параметрите кои станаа препознатливи за извршување на белиот криминал се**[5]:

- Временска разлика од моментот на сторување, па сè до моментот на откривање на кривичното дело поминува многу време.
- Темна бројка - казненото дело и сторителот се непознати при сторување на кривичното дело. Дополнителна тешкотија е тоа што однесувањето на сторителите е вообичаено и не откриваат никакви траги и не предизвикуваат сомнежи.
- Причинетата материјална штета е многу поголема од материјалната штета на другите видови класичен криминал. Бидејќи консеквенциите од криминалот на „белите јаки" освен на оштетените физички и правни лица, се рефлектира и на целата општествена заедница и бизнис клима.
- Адаптибилноста на сторителите на криминал на „белите јаки" – тие го менуваат начинот на сторување на кривичните дела, се приспособуваат на новите промени, развој на технологии, промена на закони, со што успеваат секогаш да бидат чекор пред органите на прогон и успешно да ги замаскираат нивните траги.
- Имотниот статус на сторителите на овој криминал им овозможува да ангажираат поголем број на адвокати, со што најчесто успеваат да ја избегнат казната дури и кога ќе се покрене постапка против нив.

## 3. Црвен криминал-Red Collar Crime

Сè уште е присутна дебатата за тоа дали црвениот криминал треба да остане во „сенка" на white collar crime или треба да се издиферинцира како посебна боја/форма/класа на криминал. Имено станува збор за криминал кој се појавил и сè уште е под група на криминалот на белите јаки. Всушност се работи за криминалци на белите јаки кои при опасност од детектирање на нивниот криминал, посегнуваат по убиства. Истражувањата покажале две фракции на white collar криминалците. Едните целосно се вклопуваат во профилот на ненасилни криминалци кои се „држат" до класичните измами специфични за овој криминал. Додека другата фракција се однесува на криминалци кои излегуваат од класичниот шаблон за ненасилен бел кримининал и покажуваат тенденција на агресија, насилство и ладнокрвно извршување на убиства, сè со цел да не се разоткрие нивниот претходно извршен криминал. Експертите посочуваат на ризик фактори кои можат да влијаат за појава на втората фракција криминалци и се

[5] Повеќе: Ш. Салоски, Криминалитет на „белите јаки", 2014.

обидуваат подетално да ги истражат корелациите помеѓу црвениот криминал, нарцизмот, психопатијата[6].

Всушност при истражување на овој вид криминал, голем број автори се соочиле со брутални убиства, необични судски процеси и инволвираност на членови од семејството за прикривање на криминалот, но и членови на семејството кои се жртви на овие криминалци. Такви се и случаите на Randy Novak Case, Michael Howell Case, Irwin Margolies Cas. Оваа проблематика постојано отвара нови полемики, дебати, но и дилеми за понатамошни детални истражувања кои би помогнале подобро да се проучат криминалците од овој тип, но и да се издифиренцираат критериумите и параметрите кои би укажувале на причините на нивното дејствување.

## 4. Криминал на „сините јаки"- Blue collar crime

Потеклото за називот на овој криминал датира од 1910-тите години. Во Америка работниците најчесто носеле кошули со сина боја бидејќи помалку се познавале дамките добиени од целодневната работа. Овие кошули станале синоним за работници од ниските слоеви, т.е. работниците со многу ниски плати. Денеска кога се зборува за криминалот на сините јаки не се мисли само на криминал извршен од работници со ниски примања, туку и криминалот извршен од невработени лица. Најчесто криминалот извршен од секојдневните работници не инкорпорира претходни долгорочни планови за извршување на кривично дело, напротив претежно се моментални криминални активности. Во криминалот на сини јаки влегуваат кражба, тешка кражба, провалување, домашно насисlство и други видови на насилен криминал.

Синиот криминал  го опфаќа криминалот против животот на човекот, против имотот, коцкања, дрога. Овој криминал секогаш се казнува далеку построго од белиот криминал бидејќи се смета дека неговите последици се далеку повидливи, моментални, поекспонирани во јавноста, проследени со насилство, полесени за докажување. Сторителите на синиот криминал се посиромашни и не можат да си дозволат добра одбрана, како што би можеле да си обезбедат сторителите на белиот криминал.

## 5. Розев криминал-Pink collar crime

Во популарните вести, криминалот на белите јаки извршен од жени може да се сретне под псевдоним на Gucci criminals /Louis Vitton criminals или честопати labeled pink collar crime. Всушност криминалот извршен од женскиот пол е сместен во еден ќош со етикета на криминал на розевите јаки[7]. Имено во минатото се сметало дека жените можат да извршуваат само криминал што е „незначителен", безопасен, далеку понесериозен и понеризичен во однос на криминалот извршен од мажите. Денеска оваа максима е променета бидејќи се зголемува бројот на жени присутни во криминалната сфера, а изненадува и видот на кривичните дела во кои земаат замав. Различни истражувања [8] спроведени на оваа тема продуцираат доста интересни статистики. Пример трудот на P.Gottschalk, и L.Claso, Gender in white collar crime: An empirical Study of Pink Collar Criminals[9], е сконцентриран на истражување спроведено во Норвешка од 2009 до 2012 година, во однос на профилот на криминалците кои извршиле криминал на белите јаки. Од 255 white collar criminals само 20 биле жени. Бројот на вакви и други

[6] Повеќе: F.Perri, Red Collar Crime- International Journal of Psychological Studies, Vol.8.No.1, стр. 61.
[7] Подетално: http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/article/view/2302/2024
[8] Повеќе: K.Daly, Gender and varieties of white-collar crime, Yale University, Criminology Volume 27, NO.4 1989.
[9] Повеќе: P.Gottschalk, L.Claso, Gender in white collar crime: An empirical Study of Pink Collar Criminals, International Letters of Social and Humanistic Science, ISSN: 2 300-2697, Vol.4.

слични истражувања[10] во врска со инволвираноста на жените при извршување на криминал е доста голем. Дијапазонот на нивните истражувања се шири од бројот на жени-криминалци, нивниот профил и background, причините за извршување криминал, како и видот на кривичните дела кои жените ги извршиле/и нивната сродност со кривичните дела извршени од мажите. Речиси сите истражувања упатуваат на фактот дека е потребно да се земе во предвид сѐ уште дискриминаторскиот однос кон жените при вработување (истите иако работат иста работа, со исти квалификации често земаат помала плата од нивни колеги-мажи...), на истите во голем број на земји (посебно неразвиените и земји во транзиција) им е лимитиран/ограничен пристапот до работа на „висока одговорна функција" и честопати се вработуваат како библиотекарки или медицински персонал (бидејќи некаде сѐ уште егзистираат закоравени ставови дека тоа е класична женска работа, т.е. постои илузорна поделба на машки и женски работи/професии).

Терминот на pink ghetto во минатото се користел за работи кои претежно биле извршувани од жени. Оваа „етикета" била создадена во 1983 година за да се опишат жените кои биле спречени да градат своја кариера и кои биле принудени да работат работи кои се стресни, помалку платени од работните професии „резервирани" за мажите. Но бидејќи денеска оваа слика е делумно променета (жените сѐ повеќе земаат учество во сите области и професии, се високо образовани и еманципирани во општеството), се наметнува прашањето каква е процентуалната инволвираност на жените во криминалот и во однос на кои кривични дела се најмногу сконцентрирани? Начинот на кој се извршени кривичните дела, мотивот, причините/побудите поради кои се изврешени се исто така мета на опсервација. Нормално овде е потребна и компарација колку е видоизменета улогата на жената во криминалниот свет во текот на изминатите децении. Дали и колку влијаеле стереотипите за улогата на жената во општеството?
Иако во светски рамки криминалот на жените драстично заостанува во сенка на машкиот криминал, сепак одредени диференцијации можат да се одредат. Така кога жените ќе „започнат криминална кариера" истите се далеку поупорни од мажите. Но истовремено се поподложни на каење и честопати финансискиот приход од криминалот им е „посиромашен" од оној на мажите. Главната сфера на „криминална операција" на жените се имотните деликти,[11]додека прогнозите се дека како би се зголемил бројот на жени на високи функции така би се зголемил бројот на жени кои криминалот го вршат во рамките на организираниот криминал[12]. Најсоодветната возраст за извршување на розевиот криминал е одредена на жени почнувајќи од нивните 30 до 50 години[13], посебно за криминал корелациски поврзан со white collar crime-жени кои криминалот го направиле искористувајќи ги нивните работни позиции.

Меѓутоа помалата инволвираност на жените во криминалниот свет е мета на опсервација на многубројни истражувања, кои резултирале со повеќе теории. Дел од теориите се темелат на биолошките предиспозиции на жените во однос на мажите, како и нивните надворешни манифестации (нешто налик на теориите на Чезаре Ломброзо), понатаму следуваат теориите за местото и улогата на жената во општеството, „патријахалните/стари" концепти за „врзаноста" на жените во домаќинствата, како и

[10] Види подетално: A.Rodica, Pink Collar Crime vs. White Collar Crime, University of Bucharest.
[11] Повеќе: Adler, F., Sisters in crime: The rise of the new female criminal. New York:McGraw Hill, 1975 цит. сп. Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011.
[12] Simon, R.,J., Women and crime, Lexington, MA:Lexington Books, 1975, цит. сп. Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011.
[13] Ulmer, J., Steffensmeier, D., The Age and Crime relationship, social variations, social explanations, SAGE publications, https://www.sagepub.com/sites/default/files/upmbinaries/60294_Chapter_23.pdf

фактот дека и во 2-от век сè уште се вториот, подредениот пол. Од економски аспект гледано, феминистичките истражувања покажале дека причините поради кои жените се „дрзнуваат” да сторат криминал се невработеноста, малата плата, нееднаквите работнички права во однос на мажите, економската несигурност...

Криминалот сторен од жените не треба да се третира како “light crime”[14], напротив е потребно да се сфатат сериозно однесувањата на жените, како и да се продлабочат истражувањата на оваа тема, бидејќи само така може да се добие целосна слика за криминалот, бидејќи истиот не може и не смее да се третира како криминал со „машка доминација”.

## 6. Зелен криминал - Green collar crime

Кога станува збор за обоениот криминал, секогаш првата асоцијација е криминалот на бели, сини, розеви јаки, но ретко кога се зборува за зелениот криминал. Имено истиот се поврзува веднаш со уништување на животната средина, но овде се наметнува друго прашање, што се спаѓа во енормниот спектар на зелен криминал? Дали класификациите за инкриминациите на овој тип криминал од пред неколку децении се исти со денешните? Дали е проширен дијапазонот со нови, дополнителни инкриминации? Дали се воведени параметри за детектирање на зелениот криминал[15] и дали постојат нови методи за спречување на истиот и санирање на штетните последици? За оваа проблематика постојат низа прашања, но одговори речиси и да нема. Кривичните дела од оваа област допрва се инкриминираат во законодавствата за државите, иако би требало сеопфатно многу одамна да се имплементираат во законодавната материја. Некои од овие зелени криминалитети, сè уште во добар број држави не се сместени во правна рамка, иако дискусиите за нивно инкорпорирање и санкционирање постојано флуктуираат.

Типични примери за зелениот криминал се загадување на водата, почвата, воздухот. Испуштањето на штетните материи од фабриките во водата, неимплементирање на филтри на оџаците на фабриките, користење на пестициди кои ја уништуваат почвата, а со тоа индиректно се уништува и нормалниот синџир на исхрана. Но всушност многу е поголем дијапазонот на кривични дела кои спаѓаат во групата на овој криминал. Така ловење на загрозен вид на животни, пренесување т.е. шверцување на заштитени видови од едно на друго место, сечење на шумите и узурпирање на нивната површина за изградба на урбанистички планови или едноставна продажба на дрва, се уште еден понов, синхронизиран облик на криминал кој зазема сè поголем замав. Борбата против овој криминал и те како не засега сите од поединец, група, општество, држава, регион, континент, па сè до глобално ниво. Истата е тешка бидејќи секоја држава има посебен третман и пристап за оваа проблематика. Затоа со текот на времето, низ годините се донесени низа Конвенции за заштита на морињата, воздухот. Колку нивната имплементација е успешна е тема на дебата, со оглед дека сме сведоци на секојдневното уништување на самите нас бидејќи секоја девастација на животната околина е директен атак на самите нас. Финансискиот мотив е тој што првенствено го придвижува и овој вид на криминал исто како и поголемиот дел од останатите криминални активности. Така енормни суми се вртат околу продажбата на слоновата коска, која е раритетен скап експонат на азискиот пазар, за кој се верува дека се користи како лек во медицината, или пак перките на ајкулите се причина за нивното следење и ловење. Да не зборуваме за застршувачкиот китолов, кој во последните години стана профитабилен бизнис кој

[14] Повеќе: О.Кошевалиска, Б.Тушевска Гавриловиќ, Е.Максимова; Pink collar crime, Balkan Social Science Review, Vol. 11, June 2018, 51 – 65.

[15] https://eprints.qut.edu.au/68041/1/C1_South_Toxic_State_Pub_Paper.pdf

инволвира немилосрдно убивање на овие животни, како и тема на заострување на полемиките за (не)дозволеноста на нивниот лов.

Некои категории од зелениот криминал и те како ни се познати бидејќи се многу експонирани во јавноста се со цел да се подигне свеста за да се анулираат штетните последици од истите. Така уништувањето на шумите или нелегалниот лов се инкриминации од „старо време". Но постојат и помалку очигледни, помалку експонирани, сè уште неетикетирани кривични дела како дела од зелениот криминал. Сепак тенка е границата на она што навистина треба да се тагира како кривично дело (бидејќи предизвикува енормни последици врз животната средина кои тешко ќе се санираат) и останати дела кои фракции на автори сепак сакаат да ги сместат како дела против околината. Така во фрапантно голем број на книги, може да ги сретнеме чудните констатации на одредени автори за одгледувањето животни на фарма како криминал. Зошто? Бидејќи на рапиден број фарми се користат пестициди и супстанци за брз раст на животните кои понатаму ќе се продаваат (и истите мора да изгледаат поголеми со поголема количина на месо бидејќи се гледа на квантитет, а не на квалитет) или пак на животните им се даваат хормони за да даваат поголема количина на млеко ((не)свесни дека дел од тие хормони ни со стерилизацијата на млекото не се чистат и човекот ги конзумира).

Енормен е бројот на меѓународни организации и агенции[16] кои се основани токму поради (зло)употребите на природата, кои се обидуваат да ги санираат штетните последици и да ги превенираат потенцијалните.

Најчести кривични дела етикетирани како GREEN COLLAR CRIME

- Тргување со животни

Според извештаите на Интерпол како трет најголем илегален бизнис во светот, после трговија со дрога и оружје е трговијата со животни, која за жал зазема рапиден раст кој се заканува да го уништи биодиверзитетот. Застрашувачка вест е дека колку е поедемски видот на животното толку е поголема цената. Тропските птици, мајмуни, се само дел од листата на ловците. Но фрапантната вест е дека животните не се ловат за да се продадат како целина, туку одредени видови на животни се ловат само за еден нивен дел. Слоновата коска котира многу всоко на тој пазар бидејќи меѓу другото се користи како лек во традиционалната кинеска медицина. Или пак ловот на ајкулите во последите децении зазема неверојатен замав. Имено ајкулите се ловат само заради нивните перки чии лов се врши на начин што со посебни видови на бродови се ловат ајкулите каде им се сечат перките и повторно се фрлаат назад во морето, со што се оставени на бавна и тешка смрт. Затоа овој вид на лов бил забранает во ЕУ во 2003 година. Причина за ловот на ајкулите е тоа што еден килограм од перка на ајкула на азиските пазари се продава со цена над 600 евра.

- Фрлање токсични и штетни материи во водите

Овој вид на криминал против животната средина е најчесто предизвикан од компаниииите, фабриките, кои наместо контролирано согласно прописите, отпадите ги пуштаат во близина на водните површини, со што создаваат енормни , катастрофални и далекосежни последици.

- Загадување на воздухот

Загадувањето на воздухот е термин кој инкорпорира хемиски, физички или биолошки агенси кои ги модифицираат, драстично менуваат природните карактеристики на атмосферата. Загадување на воздухот е синоним за супстанции кои се штетни за човековото здравје. Загадувач на воздухот може да биде секоја супстанца која

[16] https://www.epa.gov/

предизвикува штета на луѓето и животната средина. Постојат неколку параметри кои претставуваат индикатор за да се изврши класификација на загадувачите по различни основи. Така истите можат да се најдат во форма на цврсти честици, течни капки или гасови. Можат да бидат природни или создадени од човекот, примарни или секундарни. Според Европската агенција за животна средина, ПМ честичките можат да предизвикаат низа заболувања како, кардиоваскуларни или белодробни заболувања, аритмии, карциноми. Огромен процент бележи и црната статистика предизвикана токму од аерозагадувањето.

**Заклучок**

Кога се зборува за обоениот криминал, секогаш се среќаваат повеќе мислења, но и податоци кои треба да се ажурираат, но кои само укажуваат на фактот дека станува збор за флуктуирачка материја, која мора постојано да се следи. Бидејќи станува збор за класи на криминал кои спаѓаат во широката лепеза на неконвенционални облици, т.е. нови форми на криминал, нормално е сè уште да се нема единствен став кон оваа интересна проблематика. Имено боите кои се поврзуваат со одреден криминал се интересни за подлабоки истражувања, истражувања кои освен на профилот на сторителите, ендогените и егзогените фактори кои влијааат на нивната манифестација треба да се посветат и на соодветната инкриминација и правна регулација во законодавните системи.

Досега од сите бои на криминаклот, најголемо истражување е посветено на криминалот на „белите јаки", можеби поради фактот што овој криминал отсекогаш бил индиректно присутен, но во некоја постара форма на манифестација. Но останатите бои на криминал допрва се појавуваат. Некои од нив веќе добро се разглобени, правно издржани и делумно етаблирани, но кај дел сè уште се води дебата дали навистина заслужуваат да се диференцираат во една одредена боја со соодветни направени претходни истражувања.

**Користена литература:**


Камбовски.В, Организиран криминал, Скопје.

М.Мегваер, Р.Морган, Р.Рајнер, Оксфордски прирачник за криминилогија, Скопје,2010

Ш.Салоски, Криминалитет на „белите јаки", 2014.

О.Кошевалиска, Б.Тушевска Гавриловиќ, Е.Максимова; CRIMINOLOGICAL ASPECTS OF PINK COLLAR CRIME, Balkan Social Science Review, Vol. 11, June 2018, 51 – 65.

F S.Perri, Red Collar Crime, International Journal of Psychological Studies, Vol.8, No.1, 2016.

K.Daly, Gender and varieties of white-collar crime, Yale University, Criminology Volume 27, NO.4 1989.

P.Gottschalk, L.Claso, Gender in white collar crime: An empirical Study of Pink Collar Criminals, International Letters of Social and Humanistic Science, ISSN: 2 300-2697, Vol.4.

A.Rodica, Pink Collar Crime vs. White Collar Crime, University of Bucharest.

Adler, F., Sisters in crime: The rise of the new female criminal. New York:McGraw Hill, 1975 цит. сп. Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011.

Simon, R.,J., Women and crime, Lexington, MA:Lexington Books, 1975, цит. сп. Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011.

Ulmer, J., Steffensmeier, D., The Age and Crime relationship, social variations, social explanations, SAGE publications.

Sheehan, R., McIvor, G., Trotter, C., What works with women offenders, Willan Publishing, Devon, 2007.

https://www.sagepub.com/sites/default/files/upmbinaries/60294_Chapter_23.pdf

http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/article/view/2302/2024

https://eprints.qut.edu.au/68041/1/C1_South_Toxic_State_Pub_Paper.pdf

http://hammurabitablet.com/index.php/2017/04/19/collar-crimes-and-laws/

https://pinkcollarcrime.com/what-is-pink-collar-crime